Република Северна Македонија
Национална установа МУЗЕЈ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Republika ë Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional MUZEU I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр/Nr 03-435/1

30.08 20 21 год/viti.
Скопје-Shkup

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА РЕУПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Согласно Заклучокот на 50-тата седница на Владата на Република Северна Македонија од 2 март 2021 година, точка 83, а во врска со Инормацијата за преземање на мерки за борба против корупција, НУ Музеј на Република Северна Македонија Скопје по насоките добиени од Владата на Република Северна Македонија, донесе Годишен план за спречување на корупцијата за 2021 година.

Годишен план за спречување на корупцијата за 2021 година, на НУ Музеј на Република Северна Македонија Скопје, опфатени се областите каде најчесто постои ризик за појава на корупција.

Под корупција, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Согласно Законот за спречување на корупцијата, поимот корупција подразбира:

- **пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

- **активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Под поимот **„службено лице“** се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.
Под поимот **„корист“** се подразбира остварување на секој вид материјална или нематеријална, придобивка, погодност или предност за себе или за друг.
Под поимот **„ризик од корупција“** се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.
Под поимот **„интегритет“** се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.
Под поимот **„јавен интерес“** се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.
Под поимот **„јавно овластување“,** се подразбира овластување, пренесено од страна на државната или локалната власт, на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес.
Под поимот **„службена должност”** се подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од вршењето на одредена функција или професија, односно од службената положба на тоа лице.

Во рамките на своите надлежности НУ Музеј на Република Северна Македонија Скопје има за задача навремено да ги препознае ризиците од корупција и да спроведе соодветни мерки за отстранување на истите.
Цел на овој Годишен план за спречување на корупцијата за 2021 година примена на ефикасни антикорупциски мерки, што ќе овозможат справување со корупцијата.

Посебен акцент во спречувањето на корупцијата ќе биде унапредување на личниот и професионалниот интегритет на вработените, од дадените задачи да применат соодветни знаења и вештини, етички капацитет, решителност и чесност да работат во полза на

јавниот интерес. Извршување на работните задачи да бидат согласно правилата и законските прописи. Секој вработен да знае и да препознае облици на корупција и да се спротистави на корупцијата.

Со Годишен план за спречување на корупцијата за 2021 година, утврдени се областите каде најчесто постои ризик за појава на корупција:

- Постапка за вработување;
- Постапка за јавни набавки и
- Непочитување на актите за етичко однесување.

## 1. ПОСТАПКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Заради спречување на корупција и судир на интереси, при спроведување на постапка за вработување ќе се поитуваат следниве начела:

- Начело на законитост

Вработените во јавниот сектор ги вршат работите и работните задачи во согласност со Устав, закон и други прописи донесени врз основа на закон и меѓународни ратификувани договори во согласност со Уставот.

- Начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност

Согласно наведеното начело, сите заинтересирани кандидати до работно место, имаат обврска имаат обврска слободните работни места и условите за нивно пополнување да ги огласуваат преку јавен оглас и преку интернет.

- Начело на стручност и компетентност

Вработувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка за селекција, ќе се избере најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место.

- Начело на управување со ефектот на вработените

Институциите се должни да воспостават процедури за управување со ефектот на вработените преку негово континуирано следење и оценување и предлагање на мерки за негово подобрување.

- Начело на сервисна ориентираност

При извршување на работите и работните задачи, треба да се вршат квалитетно, одговорно, стручно, навремено и совесно, согласно со правилата на професијата, роковите и постапките во согласност со зазкон.

- Начело на професионална етика, непристрасност и објективност

При извршувањето на работите и на работните задачи, вработените во јавниот сектор задржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и придржување кон актите што ги уредуваат овие начела.

- Начело на транспарентност

Начелата на објективност, транспарентност и недискриминација се должни да обезбедат и пристап до информации од јавен карактер на начин и под услови утврдени со закон.

- Начело на одговорност

Вработените во јавниот сектор соодветно да одговараат за последиците од нивното постапување, непостапување или одлучување, односно не одлучување, како и за квалитетот, навременото и ефикасното извршување на доверените надлежности.

- Начело на економично, ефикасно и ефективно користење на средства

Вработените во јавниот сектор да ги користат материјалните средства, опремата и другите средства за работа на економичен, разумен и ефикасен начин.

- Начело на спречување судир на интереси

Вработените во јавниот сектор не го доведуваат лиќниот материјален и нематеријален интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус кој може да предизвика судир на интереси, во согласност со закон.

## 2. ПОСТАПКА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Службеното лице не смее да врши незаконско влијание во постапка за јавна набавка.

- Начело на конкуренција помеѓу економските оператори

Во постапката за јавна набавка, договорниот орган не смее неоправдано да ја ограничува конкуренцијата помеѓу економските оператори.

- Начело на еднаков третман и недискриминација на економските оператори

Договорниот орган обезбедува еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата, земајќи го предвид заемното признавање и сразмерност на барањата во врска со предметот на набавка.

- Начело на сразмерност

Постапката за јавна набавка се спроведува сразмерно на предметот на набавка, особено во однос на изборот, дефинирањето и примената на условите, барањата и критериумите, коишто мора да се логички поврзани со предметот на набавка.

## 3. НЕПОЧИТУВАЊЕ НА АКТИТЕ ЗА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Секој вработен во јавниот сектор треба доследно да го почитува Кодексот за етичко однесување.

Секое непрофесионално однесување на вработените во јавниот сектор опаѓа нивниот интегритет, да се избегнува секаков можен конфликт на интереси со одбивање на подароци.

## 4. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ПРОТИВ НЕПРАВИЛНОСТИ

Годишен план за спречување на корупцијата за 2021 година содржи збир на мерки и активности со цел имплементација на мерките, преку доследно почитување на законските и подзаконските прописи и тоа:

- Почитување на Уставот и законите;
- Јакнење на интегритетот на вработените во јавниот сектор;
- Почитување на воведените процедури за работа на работните процеси во Музејот;
- Јакнење на контрола и надзор на јавните набавки;
- Јакнење на принципите на отчесност и транспарентност во работењето на Музејот;
- Овозможување слободен пристап на информации од јавен карактер;
- Почитување на етичкиот кодекс на вработените во јавниот сектор;
- Пријавување против лица кои се однесуваат коруптивно, недозволиво, неззаконито и неетичко.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Годишниот план за спречување на корупцијата за 2021 година влегува во сила со денот на донесувањето.

Годишниот план за спречување на корупцијата за 2021 година да се објави на веб страницата на НУ Музеј на Република Северна Македонија Скопје.

НУ Музеј на Република Северна
Македонија Скопје
в.д.директор Јован Шурбаноски

-----------------------------------------------